Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко
општество и администрација
Ministria e Shoqërisë
Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/22
04.12.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

**Записник од 72 -та седница на**

**Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 27.10.2023 година | **Време** | 12.30 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 72-ра седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов и Букурије Јашари Мемети | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 13.10.2023 година;<br>2. Досегашно учество и обезбедување стручна помош од НКБК на Работната група за подготовка на новиот ЗЕК, особено во регулацијата за пристап/користење/градење на физичка/бродбенд инфраструктура;<br>3. Разно. |
| ; |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 72-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 71-та седница, одржана на 13.10.2023 година, со прифатените забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија за новиот Закон за електронски комуникации, осврнувајќи се на областите кои во наредниот период ќе бидат разгледувани, анализирани и земени предвид при подготовката на законското решение. Имено, акцент ќе биде ставен на анализата на релевантните пазари на телекомуникации, потоа определувањето на оператори со значителна пазарна моќ во телекомуникациите и дефинирање на обврските на операторите со значителна пазарна моќ.

Оваа област е тесно поврзана со конкуренцијата/пристап до бродбенд мрежи, заедничкото градење на бродбенд мрежи, Единствената точка на информации (ЕТИ), оптиката/бродбенд мрежи во згради итн. Исто така, ќе треба да се земе предвид предлог регулативата Gigabit Infrastructure Act, како и усогласувањето со Директивата на ЕУ за електронски комуникации (CODE Directive).

Членовите на НКБК активно ќе бидат вклучени и ќе дадат свој придонес во целиот процес на подготовката на нацрт Законот за електронските комуникации. Беше потенцирано дека при финализирањето на текстот на законот, ќе бидат вклучени и експерти од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за катастар на недвижности.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, Буковалов информираше за доставениот допис/ургенција од Министерството за информатичко општество и администрација до Агенцијата за електронски комуникации за овозможување пристап до Единствената точка на информации (ЕТИ).

**Заклучок 1:** Членовите на НКБК ќе ги известат министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација во врска со заостанатата исплата од неколку месеци на надоместокот за работата во телото.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________